Друштвото за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ ПРОМ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, со седиште на ул. Никола Тесла 160, Куманово и ЕМБС 4204816 (во понатамошниот текст КВАЛИТЕТ ПРОМ), во согласност со член 22 став 1 од Законот за преземање на акционерски друштва (Службен весник на РМ бр.69/2013,188/2013,166/2014), ја објавува следнава

НАМЕРА

Врз основа на јавното наддавање што се одржа на 24.03.2015 година, а по претходно објавениот оглас за продажба на 234.158 обични акции издадени од ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово во сопственост на Експорт Импорт Банка АД Скопје – во стечај, друштвото КВАЛИТЕТ ПРОМ беше избрано за најповолен понудувач со понудена цена од 550 денари за акција.

Согласно постигнатиот резултат од јавното наддавање, КВАЛИТЕТ ПРОМ има намера да понуди цена од 550 денари по акција до сите акционери на ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово.

КВАЛИТЕТ ПРОМ ја извести Комисијата за хартии од вредност, Одборот на директори на ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово и Комисијата за заштита на конкуренцијата за својата намера за објавување на јавна понуда за купување на сите акции издадени од ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово во согласност со Законот за преземање на акционерски друштва. Барањето за добивање дозвола за понуда за преземање ќе се поднесе до Комисијата за хартии од вредност во законскиот рок. Понудата за преземање ќе биде објавена по добивањето на дозволата од страна на Комисијата за хартии од вредност.

КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ

Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово